Врз основа на член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 6/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица, објавува

**С О О П Ш Т Е Н И Е  З А  Ј А В Е Н  П О В И К**

Се организира јавна анкета и јавна презентација на измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 5, УЕ 1, Општина Струмица. Просторот на планскиот опфат е ограничен со осовините на следните сообраќајници:

-од североисток, оска на планирана улица по ДУП за блок 5, ул.„У-3“,
-од југоисток, оска на планирана улица по ДУП за блок 5, ул.„У-6“,
-од југозапад, оска на планирана улица по ДУП за блок 5, ул.„У-1“
-од северозапад оска на планирана улица по ДУП за блок 5, ул.„У-13“.

Површината на планскиот опфат изнесува 1,8ха.

Одлуката за организирање на јавната анкета и јавна презентација ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

Јавна анкета ќе трае од 26.07.2022 година до 26.08.2022 година.

Јавната презентација ќе се одржи во просториите на Секторот за урбанизам, Општина Струмица, на ден 27.07.2022 година во 12:00 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Бр.03-5377/4
07.07.2022 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов